**20261161714**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеа 3, член 30 став (3) и член 32 став (8) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 135/25 и 269/25), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 28.5.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за пресметка на годишниот надоместок за надзор на пазарот, кој операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги го плаќаат на сметка на Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: Агенцијата).

Член 2

Висината на годишниот надоместок од член 1 на овој правилник се базира на начело на објективност и пропорционалност и се утврдува со Одлука што ја донесува директорот на Агенцијата врз основа на годишната програма за работа за наредната година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за наредната година, во рок од десет дена од денот на усвојувањето на годишната програма за работа за наредната година и може да изнесува најмногу до 0,30% од вкупниот годишен приход на операторот остварен со употребата на јавни комуникациски мрежи и давањето на јавни комуникациски услуги во текот на претходната календарска година, или пократок дел од годината кога операторот или давателот на јавни комуникациски услуги почнал да работи.

Одлуката од став 1 од овој член ќе биде објавена на веб страната на Агенцијата и во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Член 3

Операторот е должен најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход од член 2 од овој правилник.

Член 4

За определување на годишниот надоместок, операторите на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги се поделени во 5 (пет) категории во зависност од висината на вкупниот годишен приход од член 2 на овој правилник, а годишниот надоместок го плаќаат во висина на процентуалниот износ од вкупниот приход во зависност од категоријата во која што се распределени, согласно табелата:

| Категорија | Вкупен приход (денари) | Процентуален износ |
|---|---|---|
| I | до 1.000.000,00 | 0,07% x К |
| II | од 1.000.000,00 до 10.000.000,00 | 0,14% x К |
| III | од 10.000.000,00 до 100.000.000,00 | 0,21% x К |

| | | |
|---|---|---|
| IV | од 100.000.000,00 до 500.000.000,00 | 0,28% x K |
| V | повеќе од 500.000.000,00 | 0,30% x K |

Каде што коефициентот „К“ за пресметка на процентуалниот износ се утврдува согласно Одлуката од членот 2 од овој правилник. Коефициентот „К“ може да има вредност $0 < K \leq 1$.

## II. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 5

Годишниот надоместок определен согласно член 4 од овој правилник операторот или давателот на услуга го плаќа на сметка на Агенцијата, најдоцна до 15 Април во тековната година, врз основа на претходно доставен извештај за износот на вкупниот приход од член 4, а во согласност со одлуката од член 2 на овој правилник, а по доставено решение и фактура од страна на Агенцијата.

Доколку кај Агенцијата постои основано сомнение за вистинитоста на остварениот годишен вкупен приход наведен во извештајот од член 3 од овој правилник, има право на трошок на операторот или давателот да изврши процена на истиот.

Доколку Агенцијата по извршената проценка од ставот (2) од овој член утврди дека проценетиот вкупен приход значително отстапува од пријавениот вкупен приход, при наплата на годишниот надоместок, ќе го задолжи операторот или давателот на услугата да ја плати пресметаната разлика.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 6

Со денот на примената на овој Правилник престанува да важи Правилникот за методологијата за пресметување на годишниот надоместок за надзор на пазарот за електронски комуникации („Службен весник на РСМ" бр. 161/2014).

### Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

По влегувањето во сила овој правилник ќе се објави на веб страната на Агенцијата.

Бр. 0101-1530/1
28 мај 2026 година
Скопје

Директор,
**Јетон Акику**, с.р.